South East European Network for Professionalization of Media

# НЕОПХОДНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕХАНИЗМИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА

## Медиумската саморегулација во Северна Македонија


Марина Тунева

Весна Никодиноска


НАШИТЕ МЕДИУМИ:
Иницијатива за унапредување на медиумската писменост, дијалог и активизам

**НАШИТЕ МЕДИУМИ:**
Иницијатива за унапредување на медиумската писменост, дијалог и активизам

# НЕОПХОДНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕХАНИЗМИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА

## Медиумската саморегулација во Северна Македонија

Авторки: Марина Тунева и Весна Никодиноска

Уредничка и раководителка на регионалното истражување: Бранкица Петковиќ

Лекторка: Виолета Караџовска-Стојанова

Графички дизајн: Шпела Крањец

Издавачи:

Македонски институт за медиуми, Северна Македонија

Фондација „Медиацентар“, Сараево

Скопје, јули 2023

*Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината е одговорност исклучиво на авторките и на издавачот и не ја одразува политиката на Европската Унија.*

# СОДРЖИНА

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** **5**

**I. ВОВЕД** **7**

**II. ГОЛЕМАТА СЛИКА: РАЗВОЈОТ И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА САМОРЕГУЛАТОРНИТЕ МЕХАНИЗМИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** **9**

**III. ЕТИЧКИ КОДЕКСИ – ОСНОВА НА САМОРЕГУЛАЦИЈАТА** **12**

**IV. ПРЕГЛЕД НА САМОРЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА И МЕХАНИЗМИ ВО МЕДИУМСКАТА СФЕРА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** **16**

4.1. СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ 17
4.2. СОВЕТ НА ЧЕСТА ПРИ ЗНМ 19
4.3. ЕТИЧКА КОМИСИЈА ВО СОСТАВ НА ЈАВНИОТ СЕРВИС МРТ 19

**V. ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА САМОРЕГУЛАЦИЈАТА ВО ОНЛАЈН СФЕРАТА И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ** **21**

5.1. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОНЛАЈН ПРОСТОРОТ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ И РЕФЕРЕНДУМИ 23
5.2. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ГОВОР НА ОМРАЗА ВО КОМЕНТАРИТЕ НА ОБЈАВЕН ТЕКСТ 24

**VI. ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА САМОРЕГУЛАЦИЈАТА ВО ЈАВНИОТ СЕРВИС** **25**

6.1. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРЕКРШУВАЊЕ НА ЕТИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ 26

**VII. ДОБРИ ПРАКТИКИ ВО САМОРЕГУЛАЦИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** **27**

**VIII. ЗАКЛУЧОЦИ** **29**

**IX. ПРЕПОРАКИ** **31**

БИБЛИОГРАФИЈА 33

ЗА АВТОРКИТЕ 36

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Оваа анализа ја истражува состојбата со саморегулацијата во медиумскиот сектор во Република Северна Македонија, фокусирајќи се на клучните етички документи и на улогата на релевантните тела во оваа сфера – Советот за етика во медиумите, Советот на честа при ЗНМ и Етичката комисија во јавниот радиодифузен сервис МРТ. Истражувањето содржи критичка анализа на капацитетите на постојните саморегулаторни механизми, на предизвиците и на добрите практики што произлегуваат од нивното функционирање, особено во новото дигитално опкружување.

Анализата укажува дека е потребно натамошно зајакнување на кадровските, финансиските и на професионалните капацитети на саморегулаторните тела, со цел ефективно да се справуваат со предизвиците во променливиот медиумски пејзаж.

Брзиот технолошки развој наметнува потреба од редовно ажурирање и на етичката рамка, со цел таа да се приспособи на променливиот медиумски амбиент, особено во дигиталната сфера. Неопходно е и подигнување на јавната свест за улогите и за функциите на саморегулаторните тела, со што би се промовирал поширок општествен ангажман и одговорност на сите засегнати актери, вклучително и на граѓаните.

Од анализата произлегоа следните заклучоци:

• Етичките документи треба постојано да се ажурираат за да можат да одговорат на предизвиците во новото дигитално опкружување.

• Треба да се утврдат и да се воспостават механизми со кои ќе се овозможи финансиска самоодржливост на саморегулаторните тела.

• Професионалните и кадровските капацитети на саморегулаторните тела треба да се зајакнуваат преку обуки и размена на искуства, како и воведување современи дигитално-технолошки алатки што ќе го олеснат нивното работење.

• Потребно е ажурирање и прецизирање на Етичкиот кодекс за новинарите, за креативните кадри и за сите вработени во МРТ во насока на зајакнување на внатрешниот систем на саморегулација.

• Јавниот сервис, во соработка со професионалните медиумски организации, граѓанското општество и стручната јавност, треба да ја поттикнува работата на својата Етичка комисија, преку редовна примена на етичките документи, промоција на механизмот за поднесување поплаки, обуки и споделување добри практики.

• Треба да се поттикнуваат онлајн медиумите да бидат дел од Регистарот на професионални онлајн медиуми, со што тие се обврзуваат на одговорно новинарство и се согласуваат саморегулаторните тела да ги оценуваат нивните содржини. На овој начин, на јавноста ѝ се овозможува да ги препознае медиумите што ги почитуваат професионалните стандарди во известувањето.

• Саморегулаторните тела, медиумските организации и граѓанското општество треба постојано да спроведуваат активности за подигнување на јавната свест за улогата и за важноста на саморегулацијата во медиумите, со цел да се зголеми довербата и да се поттикне учеството на јавноста.

# I.

# ВОВЕД

Саморегулацијата во медиумите во Република Северна Македонија во изминативе десетина години претставува многу важен сегмент од медиумскиот систем, преку кој активно се промовираат професионалните стандарди и се поддржува развојот на независните медиуми. Кодексот на новинари на Македонија е донесен уште во 2001 година, но саморегулацијата особено се зајакна како механизам со основањето на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) во 2013 година.

Во изминативе неколку години политичко-општествените услови се главно поволни за слободата на медиумите и за критичкото новинарство, за разлика од периодот пред 2016 година, кога политичките центри на моќ доминираа со традиционалните мејнстрим медиуми. Сепак, Извештајот на Репортери без граници за 2023 година посочува дека транспарентноста на институциите е на ниско ниво, а изразената политичка поларизација резултира со притисоци врз медиумите од властите, политичарите или од бизнис-центрите.[1]

**Клучните прашања за загриженост во медиумската заедница првенствено се однесуваат на деградацијата на етичките стандарди, како и на продуцирањето и ширењето дезинформации и погрешни информации, особено во онлајн сферата.**

Интернет-медиумите и социјалните мрежи сè повеќе стануваат растечки извор на информации за публиката. Глобалните трендови и во државава наметнаа многу предизвици за професионалното новинарство и за квалитетот на информациите што ги добиваат граѓаните. Клучните прашања за загриженост во медиумската заедница првенствено се однесуваат на деградацијата на етичките стандарди,[2] како и на продуцирањето и ширењето дезинформации и погрешни информации, особено во онлајн сферата. Домашната медиумска заедница се залага да се поттикнат интернет-медиумите да ги почитуваат етичките и професионалните начела. Меѓународните организации, пак, упатуваат на потребата да се прави дистинкција меѓу професионалните онлајн редакции што објавуваат оригинални содржини и индивидуалните онлајн медиуми што ги копираат тие содржини.[3]

1 Репортери без граници (2023) Индекс на Репортери без граници – 2023. Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia.

2 СЕММ (2017) „Саморегулација или регулација на интернет-медиумите во Македонија“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://semm.mk/attachments/21-08-2017.pdf. Стр. 2.

3 Репортери без граници (2023) Индекс на Репортери без граници – 2023. Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia.

Анализата ги истражува капацитетите што ги имаат саморегулаторните механизми за унапредување на етичките стандарди и за ефикасен одговор на растечките предизвици особено во дигиталната средина, како и за промовирање на медиумската писменост. За потребите на истражувањето беа анализирани клучни документи – етички кодекси и насоки за традиционалните, за онлајн медиумите, за јавниот сервис и за социјалните мрежи. Беа спроведени интервјуа со девет соговорници,[4] од кои петмина претставници од саморегулаторните тела, еден од медиумите, еден претставник од регулаторното тело и со двајца медиумски експерти. Истражувањето беше реализирано во периодот од април до јуни 2023 година.

Оваа анализа е дел од регионалниот проект „Нашите медиуми" што го спроведуваат партнерските организации – Албанскиот медиумски институт, Црногорскиот медиумски институт, Советот за етика во медиумите на Косово, Македонскиот институт за медиуми, Новосадската школа за новинарство, Мировниот институт од Љубљана и Бианет (Турција) во земјите од Западен Балкан и во Турција, во периодот од 2023 до 2025 година.[5]

4 Снежана Трпевска, медиумски експерт и членка на Комисијата за жалби при СЕММ; Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ; Теофил Блажевски, член на Комисијата за жалби при СЕММ; Двајца претставници на Етичката комисија на МРТ; Емилија Петреска-Камењарова, помошник-раководителка на сектор во АВМУ; Драган Секуловски, медиумски експерт, извршен директор на ЗНМ; Димитар Мицев, претставник од медиумите; Сефер Тахири, медиумски експерт.

5 Проект „Нашите медиуми – акција на граѓанското општество за поттикнување медиумска писменост и активизам, спротивставување на поларизацијата и промовирање дијалог". Достапно на: https://mim.org.mk/mk/novosti/1445-nasite-mediumi-akcija-na-graganskoto-opstestvo-za-pottiknuvane-mediumska-pismenost-i-aktivizam-sprotivstavuvane-na-polarizacijata-i-promovirane-dijalog.

# II.

# ГОЛЕМАТА СЛИКА: РАЗВОЈОТ И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА САМОРЕГУЛАТОРНИТЕ МЕХАНИЗМИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Донесувањето на Кодексот на новинарите на Македонија[6] во 2001 година се смета за прв чекор кон воспоставување на медиумската саморегулација во државата. Овој документ содржи етички начела и стандарди на професионалното и одговорно новинарство, а ја дефинира и улогата на Советот на честа како саморегулаторно тело при Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ). Кодексот сè уште претставува основа во работењето на професионалните медиуми и на саморегулаторните тела, на која се надградуваат и други саморегулаторни механизми.

**Иако се поминати дваесетина години од донесувањето на Кодексот на новинарите, тој сè уште претставува солидна рамка за функционирање на само-регулацијата.**

Од 2011 до 2016 година, политичките услови во државата не беа поволни за работење и за развој на професионалните и на критичките медиуми, а домашните и меѓународните медиумски организации укажуваа на „драматично влошување на состојбата со слободата на медиумите“.[7] Ова беше причина ЗНМ да започне инцијатива за формирање Совет за

6 Кодекс на новинарите на Македонија (2001). Достапно на: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/.

7 ЗНМ (2015) „Анализа на медиумскиот систем во Македонија“. Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Analiza-mediumski-sektor-2015.pdf. Стр. 5.

етика во медиумите на Македонија (СЕММ) во 2011 година. Целта на СЕММ беше да се промовира одговорноста што ја имаат новинарите и сопствениците на медиумите за примена на професионалните стандарди, но и за спречување порестриктивно медиумско законодавство со кое новинарската етика би се регулирала со закон.

И двете саморегулаторни тела реагираат во однос на прекршувањето на професионалните начела од страна на новинарите и на медиумите пропишани во Етичкиот кодекс. Разликата е што Советот на честа при ЗНМ реагира на прекршување на Кодексот од страна на новинарите, додека Жалбената комисија при СЕММ одлучува за прекршувања од страна на медиумите.

**Развојот на новите информациско-комуникациски технологии и на онлајн медиумите ја наметна потребата од негово надополнување.**

Иако се поминати дваесетина години од донесувањето на Кодексот на новинарите, тој сè уште претставува солидна рамка за функционирање на саморегулацијата. Меѓутоа, развојот на новите информациско-комуникациски технологии и на онлајн медиумите ја наметна потребата од негово надополнување. Во 2021 година, на иницијатива на СЕММ беа донесени и Насоките за етичко известување на професионалните онлајн медиуми,[8] а беше создаден и Регистар на професионални онлајн медиуми.[9] Медиумските експерти ги оценуваат Кодексот и Насоките како главно добри, но упатуваат на потребата од нивно натамошно и постојано ажурирање.[10]

**Законската регулатива и саморегулацијата отсекогаш се упатени меѓусебно да соработуваат во однос на некои прашања. Така, на пример, во Уставот и во законите, но и во Етичкиот кодекс се гарантира правото на одговор и на исправка, на заштита на изворите на информации и се забранува цензурата.**

Корегулацијата во сферата на аудиовизуелните медиумски услуги во Северна Македонија формално се воведува со најновите измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013),[11] но законската регулатива и саморегулацијата отсекогаш се упатени меѓусебно да соработуваат во однос на некои прашања. Така, на пример, во Уставот и во законите, но и во Етичкиот кодекс се гарантира правото на одговор и на исправка, на заштита на изворите на информации и се забранува цензурата. И говорот на омраза е дел и од медиумската регулатива[12] и од Етичкиот кодекс. Притоа, регулаторот има надлежност да го казни медиумот што поттикнува и поддржува говор на омраза и дискриминација, а може и да контактира други надлежни институции. Комисијата за жалби при СЕММ, пак, од своето основање до 2021 година има донесено повеќе одлуки што се однесувале на говорот на омраза – 8% од вкупниот број случаи.[13]

---

8 СЕММ (2020) „Насоки за етичко известување на професионалните онлајн медиуми". Скопје: СЕММ. Достапно на: http://bitly.ws/IFMm.

9 Регистар на професионални онлајн медиуми Промедиа. Достапно на: https://promedia.mk/.

10 Интервју со Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ, и Снежана Трпевска, медиумски експерт и член на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 10.5.2023 и 11.5.2023, Скопје.

11 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013). Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_mkd_1.pdf.

12 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013), член 48.

13 СЕММ (2022) Статистички преглед на СЕММ за 2022. Достапно на: https://www.semm.mk/komisija-za-zhalbi/statistichki-pregledi/1049-2022.

Професионалните стандарди, пак, се исклучиво во надлежност на саморегулаторните механизми. Тие се вклучени и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, но регулаторното тело не може да изрече санкција кога постапува поради нивно прекршување, туку може да се обрати до СЕММ.

**Професионалните стандарди се исклучиво во надлежност на саморегулаторните механизми.**

Прашањата во надлежност на регулаторот ги опфаќаат, меѓу другото, и оние поврзани со заштитата на малолетниците во однос на класификација на програмите и достапноста на програмите за лицата со попреченост. Овие прашања се дел од процесот на усогласување на медиумското законодавство со Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги (2018) и со другите европски стандарди, што во Северна Македонија се очекува да се одвива до крајот на 2023 година. Законските измени предвидуваат можност за корегулација, особено во делот на заштита на малолетниците од изложеност на реклами за алкохол и алкохолни пијалаци и храна со штетни состојки.[14] Притоа, се предлага самите медиуми да имаат можност да донесат саморегулаторен документ, а доколку не го направат тоа или не го спроведуваат, АВМУ би донела акт што ќе мора да го почитуваат. Со измените треба да се уреди и делот од ЗААВМУ што се однесува на платформите за споделување видеа.[15] Процесот на усогласување на медиумското законодавство го води Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со АВМУ, со другите релевантни тела и со граѓанското општество, а со поддршка на Европската Унија. Целта, меѓу другото, е да се зајакнат регулаторните и саморегулаторните механизми за да ги адресираат предизвиците што произлегуваат од дигиталните и од онлајн медиумите.[16]

Паралелно со оваа иницијатива, регулаторот во соработка со медиумските организации,[17] во март 2023 иницираше донесување Кодекс за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми.

14 Интервју со Емилија Петреска-Камењарова, помошникк-раководителка на сектор во АВМУ. Спроведено на: 23.5.2023, Скопје.

15 Ибид.

16 МИОА (2023) „Азир Алиу: Медиумските реформи по принципите на ЕУ законодавството“, објавено на 15.3.2023 на веб-страницата на МИОА. Достапно на: https://javnaadministracija.mk/2023/03/15/mioa-azir-aliu-mediumski-reformi-po-printsipite-na-eu-zakonodavstvoto/.

17 Здружение на новинари на Македонија, Македонски институт за медиуми, Совет за етика во медиумите на Македонија, Институт за комуникациски студии и Фондација „Метаморфозис“.

# III.

# ЕТИЧКИ КОДЕКСИ – ОСНОВА НА САМОРЕГУЛАЦИЈАТА

Анализата на етичката рамка во државата укажува на позитивни и негативни аспекти во однос на содржината на одделни документи, но и во однос на иницијативите за унапредување имајќи ги предвид предизвиците што произлегуваат од дигиталното опкружување.

Табела 1: **ПРЕГЛЕД НА ЕТИЧКИ ДОКУМЕНТИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

| Назив на кодексот | Општ или специфичен | Година на донесување или евентуална ревизија | Дали се импле-ментира во практиката | Кои саморегулаторни тела ја следат имплемен-тацијата на Кодексот и ги разгледуваат жалбите/претставките |
|---|---|---|---|---|
| Кодекс на новинари на Македонија | Кодексот е општ и неговите одредби се однесуваат на сите видови медиуми (радиодифузни, печатени, онлајн) | 14.11.2001 | Да | Совет на честа при ЗНМ<br><br>Комисија за жалби при СЕММ |
| Насоки за етичко известување во онлајн медиумите | Онлајн медиуми | 2021 | Да | Комисија за жалби при СЕММ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси | Јавен сервис | 2016 | Нема информации | МРТ |
| Етички кодекс за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ | Јавен сервис | 2017 | Нецелосно | МРТ |
| Саморегулаторен етички кодекс на добри професионални практики во дигиталното издаваштво | Поединци и компании што се поврзани со дигитално издаваштво и огласување и кои дејствуваат на територијата на Република Северна Македонија | 2018 | Да | Советодавно тело на ИАБ Македонија (Interactive Advertising Bureau) |

Кодексот на новинарите на Македонија[18] ги истакнува важните начела што го предводат новинарското известување и се однесува на сите видови медиуми. Овој документ ја нагласува важноста од објавување точни и проверени информации, правејќи разлика меѓу фактите и мислењата, како и меѓу вестите и коментарите. Кодексот вклучува одредби што имаат цел да ги спречат дезинформациите, иако самиот термин не е експлицитно спомenат.

**За да се приспособи на предизвиците на дигиталната ера, СЕММ ги изработи Насоките за етичко известување во онлајн медиумите во 2021 година.**

За да се приспособи на предизвиците на дигиталната ера, СЕММ ги изработи Насоките за етичко известување во онлајн медиумите[19] во 2021 година. Овој документ ја посочува важноста на известувањето засновано на факти од доверливи извори за да се спротивстави на дезинформациите, да се обесхрабрат кампањите за оцрнување и да се спречи објавувањето погрешни или манипулативни содржини.

18 Кодекс на новинарите на Македонија (2001). Достапно на: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/.

19 СЕММ (2020) „Насоки за етичко известување на професионалните онлајн медиуми“. Скопје: СЕММ. Достапно на: http://bitly.ws/IFMm.

Говорот на омразата и дезинформациите во изминативе години се особено присутни на онлајн медиумите и на социјалните мрежи,[20] поради што Насоките ја нагласуваат и улогата на онлајн медиумите во подигнувањето на свеста за негативните последици од овие појави и преземањето одговорност за коментарите на корисниците што содржат говор на омраза. Документот содржи и одредби за важноста од проверка на тврдењата, особено оние што се искажани од политички субјекти, со што ќе им се овозможи на читателите да направат разлика меѓу фактички информации и шпекулации или дезинформации.

**Во Насоките донекаде е адресирано прашањето за одговорноста на медиумот за објавените коментари под новинарските содржини на онлајн медиумот и на профилите на социјалните мрежи.**

Во Насоките донекаде е адресирано прашањето за одговорноста на медиумот за објавените коментари под новинарските содржини на онлајн медиумот и на профилите на социјалните мрежи.[21] Интервјуираните експерти препорачуваат дека се неопходни јасни и прецизни одредби околу одговорноста на медиумите кога ги објавуваат своите продукти на социјалните мрежи и мерките што ги преземаат по реакциите на публиката, особено кога станува збор за заштита на правата на маргинализираните заедници, како што е ЛГБТИ-заедницата.[22]

> „Од работата на Комисијата за жалби при СЕММ произлегуваат доста предизвици на кои треба да одговориме, а се поврзани, пред сѐ, со известувањето на онлајн медиумите“, вели Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ.[23]

Кога станува збор за Етичкиот кодекс на МРТВ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во јавниот сервис,[24] најголемиот недостаток на кој се укажува е мешањето на новинарската етика со работната дисциплина и со правата и обврските на новинарите што произлегуваат од работните односи. Здружението на новинари во 2021 година побара измена на Кодексот на МРТ, во насока на подготовка на два посебни документи – еден за етичкото однесување на новинарите, другиот што ќе се однесува на другите вработени (технички и професионални кадри на МРТ). ЗНМ предлага да се утврдат процедури за поднесување претставки, како и за составот и за начинот на работа на Етичката комисија, кои би се објавувале на веб-страницата на МРТ. Овие препораки беа упатени и од меѓународни експерти, кои ги истражуваа и правеа процена на етичките документи на јавните сервиси на Западен

---

20 МИМ (2021) „Регулаторна и саморегулаторна рамка за справување со говорот на омраза и дезинформациите во Северна Македонија“. Скопје: МИМ. Достапно на: https://seenpm.org/wp-content/uploads/2021/12/Resilience-Factsheet-North-Macedonia.pdf.

21 СЕММ (2021) „Насоки за етичко известување на онлајн медиумите“. Скопје: СЕММ. Достапно на: http://bitly.ws/IG5c. Членови 18 и 20.

22 Интервју со Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ, и Снежана Трпевска, медиумски експерт и член на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 10.5.2023 и 11.5.2023, Скопје.

23 Интервју со Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на 10.5.2023, Скопје.

24 МРТ (2017) „Етички кодекс за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ“. Скопје: МРТ. Достапно на: https://bit.ly/3uL62ZC.

Балкан.[25] Конкретни активности во однос на овие препораки упатени од домашните и од странските организации не се случија во текот на 2023 година.[26] Јавниот сервис има донесено и Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси,[27] но нема информации за тоа на кој начин тие се применуваат.

Трите документи не ја спомнуваат експлицитно медиумската писменост, меѓутоа телата што се задолжени за примена на кодексите учествуваат во различни активности за нејзина промоција. Дополнително, СЕММ, ЗНМ и МРТ се дел од Мрежата за медиумска писменост.

Интервјуираните соговорници упатуваат и на потребата поединечните медиуми да развијат внатрешни кодекси и правила на етичко однесување и да ги направат јавно достапни, што ќе придонесе за подобрување на нивниот интегритет и ќе ја зголеми довербата кај јавноста.[28] Нема информации дека приватните медиуми имаат донесено свои посебни етички кодекси.

25 Schroeder, R. (2018) „Examining and assessing editorial guidelines/codes of conducts in the public service media of the Western Balkans", во рамките на проектот „Техничка помош за јавните сервиси на Западен Балкан", поддржан од Европската Унија. Достапно на: https://europeanjournalists.org/wp-content/uploads/2018/07/PSM-Editorial-Giudelines-Report-EFJ-Renate-Schroeder.pdf. Стр. 10-11.

26 Спировски, М., Тодоровска-Костовска, В. (2023) „Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во 2022 година". Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/MK-MK-2022.pdf. Стр. 22.

27 МРТ (2016) „Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси". Скопје: МРТ. Достапно на: http://bitly.ws/IG97.

28 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ. Спроведено на: 12.5.2023, Скопје.

IV.

# ПРЕГЛЕД НА САМОРЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА И МЕХАНИЗМИ ВО МЕДИУМСКАТА СФЕРА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Функционирањето на медиумската саморегулација во Северна Македонија се смета за ефективно, иако капацитетите на трите саморегулаторни тела (на ниво на професија и на јавниот сервис) треба дополнително да се зајакнуваат, а нивната улога уште повеќе да се промовира меѓу поширокота јавност.

Табела 2: **ПРЕГЛЕД НА САМОРЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

| НАЗИВ НА САМОРЕГУЛАТОРНОТО ТЕЛО/МЕХАНИЗАМ | ГОДИНА НА ОСНОВАЊЕ | ОСНОВАЧИ | ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ | АКТИВНО/ ПАСИВНО |
|---|---|---|---|---|
| Совет за етика во медиумите на Македонија | 2013 | ЗНМ, МИМ и сопственици на медиумите | Донаторски средства | Да |
| Совет на честа при ЗНМ | 2001 | ЗНМ | ЗНМ | Да |
| Етичка комисија при МРТ | 2017 | МРТВ | МРТВ | Делумно активно |

## 4.1. СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ

Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) од неговото формирање во 2013 година сè повеќе добива на значење, што е видливо од зголемувањето на неговото членство и од респонзивноста на медиумите во однос на добиените претставки за неетичко информирање, особено од оние што се негови членки.

> „На медиумите не им е сеедно (н.з. каква одлука ќе донесе СЕММ) – без оглед на тоа што станува збор за морална санкција – (тие) враќаат одговори. Генералната оцена е дека саморегулацијата има голем ефект, барем за да не се повторуваат грешките за кои била изречена одлуката“, вели Снежана Трпевска, медиумски експерт и членка на Комисијата за жалби при СЕММ.[29]

**Функционирањето на медиумската саморегулација во Северна Македонија се смета за ефективно, иако капацитетите на трите саморегулаторни тела (на ниво на професија и на јавниот сервис) треба дополнително да**

Механизмот на поднесување претставки, станува сè попрепознатлив. Комисијата за жалби при СЕММ континуирано добива претставки за неетичко и непрофесионално информирање за сите видови медиуми (печатени, радиодифузни и онлајн) по кои донесува одлуки и мислења. Одлуки се носат за медиумите што се членки на СЕММ, додека, пак, за оние што не се членки – се носат мислења. Инаку, Комисијата за жалби при СЕММ се состои од седум члена, од кои двајца се претставници на сопствениците на медиумите, двајца на новинарите предложени од ЗНМ и тројца од јавниот живот – експерти од областа на медиумите, етиката во новинарството, медиумското право и други сродни области.[30]

**Комисијата за жалби при СЕММ континуирано добива претставки за неетичко и непрофесионално информирање за сите видови медиуми (печатени, радиодифузни и онлајн) по кои донесува одлуки и мислења.**

Во 2022 година Комисијата донела 63 одлуки и мислења. Најчести подносители на жалби биле носители на јавни функции, јавни институции и вработени во државни институции, потоа граѓански здруженија и граѓани.[31]

> „Се случува кон Советот за етика во медиумите и кон Советот на честа при ЗНМ да упатуваат поплаки и претставници од други фели какви што се судската, лекарската, па дури и претставници од религиозни групи, што говори дека саморегулацијата ја препознаваат и индивидуи, како и организации надвор од медиумскиот сектор“, истакнува Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ.[32]

---

29 Интервју со Снежана Трпевска, членка на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје.

30 Статут на Советот за етика во медиумите. Достапно на: https://www.semm.mk/sovet-za-etika/statut.

31 СЕММ (2022) Статистички преглед на СЕММ за 2022. Достапно на: https://semm.mk/komisija-za-zhalbi/statistichki-pregledi/1049-2022.

32 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ. Спроведено на: 12.5.2023, Скопје.

До Комисијата за жалби стигнуваат и поднесоци од овластени претставници на поединци што се чувствуваат засегнати од нечиј новинарски труд. Тие ги користат одлуките на Комисијата во судски постапки како поткрепа на претставките што ги упатуваат до судот. За судиите станува општа практика да ги земаат предвид одлуките на ова тело.[33]

> „Оваа појава зборува не само за кредибилноста на одлуките на Комисијата за жалби, туку истовремено отвора и дебата околу улогата на СЕММ во насока на промовирање на медијацијата и намалување на судското гонење новинари“,[34] нагласува Секуловски.

**Активностите на СЕММ главно се финансираат на проектна основа, што создава состојба на програмска неизвесност за реализирање на стратешките цели на организацијата. Членките на Советот засега не плаќаат членарина за учеството во работата на ова тело.**

И покрај тоа што СЕММ се смета за најактивно саморегулаторно тело во државата, неговите заложби за континуирана афирмација на саморегулацијата се ограничени поради недостигот на ресурси.

> „Бројот на постојано вработени лица во организацијата е мал, а организацијата се потпира на трудот на соработници ангажирани на повремена основа, но и на волонтерски труд на членовите на други тела на организацијата“, истакнува Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ.[35]

Ова првично се должи на проблемот со слабата финансиска одржливост на организацијата. Активностите на СЕММ главно се финансираат на проектна основа, што создава состојба на програмска неизвесност за реализирање на стратешките цели на организацијата. Членките на Советот (медиуми и медиумски организации) засега не плаќаат членарина за учеството во работата на ова тело: *„Медиумите се многу поларизирани, уште доста години мора да има донаторска поддршка.“*[36] Медиумските експерти недвосмислено посочуваат дека „мора да се најде механизам за самоодржливост на телото“.[37]

И покрај постојаното зголемување на базата на членство во СЕММ, дополнителен предизвик за телото е недостигот на соработка со некои од традиционалните медиуми, посебно со националните приватни телевизии обединети во Македонската медиумска асоцијација. Тие сè уште покажуваат извесен отпор за соработка со Советот:

---

33 Спировски, М., Тодоровска-Костовска, В. (2023) „Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во 2022 година“. Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/MK-MK-2022.pdf.

34 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ. Спроведено на: 12.5.2023, Скопје

35 Интервју со Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 10.5.2023, Скопје.

36 Интервју со Снежана Трпевска, членка на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје.

37 Ибид.

> „Дел од медиумската заедница го игнорира Советот за етика. Некои од големите телевизии тоа го прават поради други, лични интереси. Кога некои од уредниците ќе дојдат на тапет, тоа не им одговара и имаат отпор за соработка“, објаснува Адамчевски.[38]

Интервјуираните соговорници сметаат дека Советот треба да направи дополнителни напори за мотивирање на овие медиуми за соработка. Потребно е сè поголемо користење на механизмот на саморегулацијата, со цел да се избегнат влијанија од власта и од други центри на моќ, како и поширока промоција и прифаќање на Регистарот од повеќе засегнати страни.

## 4.2. СОВЕТ НА ЧЕСТА ПРИ ЗНМ

За натамошно зајакнување на саморегулаторниот систем, неопходно е постојано да се подобруваат капацитетите и да се поттикнува активноста и на Советот на честа при ЗНМ. Улогата на Советот е да се грижи и да го промовира професионалното и одговорно новинарство и да реагира кога новинарите го прекршуваат Кодексот. На почетокот од основањето, Советот можел да реагира по претставки од граѓани, како и по претставки против новинари што не се членови на ЗНМ, но во 2010 година му беше одземена таа надлежност. Тоа било причината за опаѓање на бројот на поднесени претставки, што довело до пасивизирање на телото.[39] Од 2015 година, на Советот на честа му беше вратена надлежноста да решава по претставки поднесени против новинари што не се членови на ЗНМ. Советот во својот состав вклучува пет професионални новинари, кои реагираат на прекршувањата на професионалните начела од страна на новинарите. Нема анализи и информации колку Советот реагира на прекршувањето на Насоките за етичко известување во онлајн медиумите.

**Неопходно е постојано да се подобруваат капацитетите и да се поттикнува активноста и на Советот на честа при ЗНМ.**

## 4.3. ЕТИЧКА КОМИСИЈА ВО СОСТАВ НА ЈАВНИОТ СЕРВИС МРТ

За ефективен и сеопфатен систем на саморегулација, треба да функционираат саморегулативните механизми и на ниво на јавниот сервис. Саморегулацијата во јавниот сервис не треба да се потпира само на постоењето еден документ, туку потребно е да се воспостави структура преку која ќе се проценува примената на тој документ.[40]

38 Интервју со Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 10.5.2023, Скопје.

39 Тунева, М., Кока, Ф. (2016) „Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија“. Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Eticko-izvestuvanje.pdf.

40 Интервју со Снежана Трпевска, членка на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје.

Поради тоа, особено е важно да се поттикнува активното работење на Етичката комисија во МРТВ и примената на Етичкиот кодекс во практика. Новинарските здруженија реагираа околу составот, функционирањето, видливоста и препознавањето на Етичката комисија при МРТВ како тело што е задолжено да постапува по прекршувањата на интерниот Кодекс. Сепак, ова тело е многу важно, бидејќи јавниот сервис треба да има сопствен механизам за контрола во почитувањето на етичките правила.[41]

Домашните новинарски организации и меѓународните експерти посочуваа дека треба да се подобри функционирањето на Етичката комисија, а главната забелешка беше дека во составот на ова тело имало повеќе технички лица отколку новинари.[42] Тогаш директорот на МРТ Марјан Цветковски објаснуваше дека тоа било резултат на брзањето *„да се испорача барем мал успех дека има надеж за промени во јавниот сервис“*. Тој потврди дека „дефинитивно може да се подобри функционирањето“ на телото.[43]

Што се однесува до поголемите медиумски организации, медиумските експерти предлагаат и ангажирање омбудсмани, кои би можеле да ја оценат содржината пред да биде објавена или откако ќе добијат претставка.[44]

Неопходно е саморегулаторните тела да работат на јакнење на јавната свест, како и на информираноста на новинарската и на медиумската заедница за нивната улогата во медиумската сфера. Добар пример за ова е СЕММ што посветува многу активности на информирање и на подобрување на капацитетите на јавноста во доменот на медиумска писменост, но и за препознавање и разбирање на начините на кои се нарушуваат професионалните стандарди.

**Саморегулацијата во јавниот сервис не треба да се потпира само на постоењето еден документ, туку потребно е да се воспостави структура преку која ќе се проценува примената на тој документ. Поради тоа, особено е важно да се поттикнува активното работење на Етичката комисија во МРТВ и примената на Етичкиот кодекс во практика.**

41 Илиевски, Д. (2019) „Реформа или проформа: функционалноста на Етичката комисија во МРТВ“. Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/reforma-ili-proforma-funkczionalnost/.

42 Спировски, М., Тодоровска-Костовска, В. (2023) „Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во 2022 година“. Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/MK-MK-2022.pdf; Schroeder, R. (2018) „Examining and assessing editorial guidelines/codes of conducts in the public service media of the Western Balkans“, во рамките на проектот „Техничка помош за јавните сервиси на Западен Балкан“, поддржан од ЕУ. Достапно на: https://europeanjournalists.org/wp-content/uploads/2018/07/PSM-Editorial-Giudelines-Report-EFJ-Renate-Schroeder.pdf. Стр. 10-11.

43 Илиевски. Д. (2019) „Реформа или проформа: функционалноста на Етичката комисија во МРТВ“. Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/reforma-ili-proforma-funkczionalnost/.

44 Интервју со Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 10.5.2023, Скопје.

V.

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА САМОРЕГУЛАЦИЈАТА ВО ОНЛАЈН СФЕРАТА И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Донесувањето на Насоките за етичко известување на онлајн медиумите во 2021 година беше резултат на долгогодишните напори на медиумската заедница да се поттикне професионалното работење на онлајн медиумите, бидејќи кај нив беа забележани најчести прекршувања на етичките стандарди.[45]

Табела 3: **ПРЕСЕК НА ГЛАВНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И ОДРЕДБИ НА НАСОКИТЕ ЗА ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИТЕ**

| ГЛАВНИ ЕЛЕМЕНТИ | ОПИС |
|---|---|
| Уредувачка одговорност | Именување уредник одговорен за целокупната објавена содржина;<br>Преземање одговорност за содржините преземени од други извори; |
| Јавен интерес | Давање приоритет на правото на јавноста за навремени, точни и објективни информации; |
| Заштита на ранливите групи | Известување за чувствителни теми со грижа и сочувство;<br>Обезбедување согласност пред објавување чувствителна информација;<br>Заштита на идентитетите и почитување на приватноста на децата и на жртвите; |

45 СЕММ (2022) „Најголеми прекршувања на Кодексот забележани во онлајн медиумите“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://semm.mk/novosti-5/2015-08-11-15-03-18/vesti-od-semm-1/1035-najgolemi-prekrshuvanja-na-kodeksot-zabelezhani-vo-onlajn-mediumite.

| | |
|---|---|
| Одговорно известување | Известување за несреќи, за катастрофи и за судски процеси на одговорен начин;<br>Избегнување сензационализам и заштита на достоинството на оние што се вклучени;<br>Претставување повеќе перспективи и почитување на пресумпцијата на невиност; |
| Почитување на различностите | Почитување на етничките, на културните и на религиските различности;<br>Избегнување генерализации и промовирање инклузивно известување;<br>Отфрлање на говорот на омразата, дискриминацијата и поттикнување насилство на која било основа; |
| Одговорност и транспарентност | Избегнување плагијати и соодветно наведување на изворите;<br>Архивирање на објавената содржина и обезбедување импресум со релевантните информации за контакт;<br>Модерирање на коментарите на одговорен начин и почитување на правилата за употреба на содржина од други извори;<br>Модерирање на коментарите на социјалните медиуми; |
| Новинарски права и право на одбивање | Новинарите имаат право да одбијат работни задачи доколку се во спротивност со Насоките. |

Иако се поминати само две години од донесувањето на овој документ, експертите укажуваат на потребата од негово ажурирање. Комисијата за жалби при СЕММ укажува на повеќе предизвици поврзани, пред сè, со работата на онлајн медиумите, како, на пример, во однос на прашањето на одговорноста за текстовите и за коментарите на читателите на социјалните мрежи: *„Публиката реагира, а ние со актите не можеме да одговориме на нивните барања.“*[46]

**Како дополнителен механизам за унапредување на професионалните стандарди во работењето на онлајн медиумите претставува формирањето на Регистарот на професионални онлајн медиуми – Промедиа во 2019 година. Тој беше формиран на иницијатива на СЕММ и на ЗНМ, во партнерство со Стопанската комора на Македонија, и во 2023 година вклучува 130 онлајн медиуми.**

Како дополнителен механизам за унапредување на професионалните стандарди во работењето на онлајн медиумите претставува формирањето на Регистарот на професионални онлајн медиуми – Промедиа во 2019 година. Тој беше формиран на иницијатива на СЕММ и на ЗНМ, во партнерство со Стопанската комора на Македонија, и во 2023 година вклучува 130 онлајн медиуми. Сепак, има голем број онлајн медиуми што не се дел од Регистарот (Промедиа) и кои не се придржуваат кон етичките и професионалните правила во работењето. Трендовите за 2021 и 2022 година покажуваат дека најмногу прекршувања на Кодексот на новинарите се забележани кај онлајн медиумите (околу 90% од одлуките). Најчесто бил прекршуван членот 1 што се однесува на објавување точни и проверени информации, потоа членот за разликување вести од мислења, како и одредбата за говорот на омраза и дискриминацијата.[47]

46 Интервју со Снежана Трпевска, членка на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје.

47 СЕММ (2022) „Споредбена анализа на жалби до Комисијата за жалби на СЕММ за периодот на првата половина на 2021 и 2022 година“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://semm.mk/attachments/article/1035/Analysis%20UNESKO%20MK.pdf.

Кај онлајн медиумите постои заинтересираност за зачленување во Регистарот, бидејќи тоа од една страна им дава кредибилитет во медиумската заедница и пред рекламерите, а од друга страна им отвора можности да аплицираат за фондови од донаторите. Во 2022 година, на иницијатива на СЕММ и на ЗНМ беа „заострени“ критериумите за пристапување во Регистарот.[48] Така, освен објавувањето импресум и сопственичка структура, онлајн медиумите што ќе сакаат да се зачленат во Регистарот во иднина ќе треба да имаат најмалку двајца вработени, да објавуваат редовно содржини и да не објавуваат политички реклами и огласи. Биле донесени и правила за преземање содржини меѓу членките на Промедиа, што го адресира еден од клучните проблеми во онлајн сферата.

## 5.1. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОНЛАЈН ПРОСТОРОТ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ И РЕФЕРЕНДУМИ

Имајќи предвид дека во 2024 година во Северна Македонија ќе се одржат парламентари и претседателски избори, регулаторното тело АВМУ во соработка со медиумските организации[49] предложи донесување Кодекс за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми. Оваа иницијатива, меѓу другото, е поттикната од „сè поголемата употреба и влијание на социјалните мрежи врз изборните циклуси, како и импликациите од кружењето нецелосни, неточни или злонамерни информации, особено во онлајн просторот.“[50] Документот содржи начела и стандарди за фер, етичко и одговорно однесување на политичките партии и кандидати, кои, меѓу другото, треба да се воздржуваат од намерно креирање и ширење неточни, нецелосни или злонамерни информации и да не користат автоматизирани структури (ботови и тролови) за оркестрирано ширење дезинформации и манипулации на социјалните мрежи.

Неговото почитување би било на доброволна основа и нема да претставува замена за постојните или за идни законски правила и прописи, туку се повикува на индивидуалната одговорност на засегнатите субјекти.

48 СЕММ (2022) „Усвоени нови критериуми за членство во ПРОМЕДИА“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://semm.mk/novosti/vesti/vesti-od-semm.

49 Здружение на новинари на Македонија, Македонски институт за медиуми, Совет за етика во медиумите на Македонија, Институт за комуникациски студии и Фондација „Метаморфозис“.

50 АВМУ, ЗНМ, МИМ, СЕММ, ИКС и „Метаморфозис“. Кодексот во јуни 2023 година беше во фаза на подготовка.

## 5.2. **СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ГОВОР НА ОМРАЗА ВО КОМЕНТАРИТЕ НА ОБЈАВЕН ТЕКСТ**

Комисијата за жалби при СЕММ разгледувала случај на прекршување на членот 10 од Етичкиот кодекс што се однесува на говорот на омраза. Иако во објавениот текст немало прекршувања на членот,[51] во коментарите на текстот објавен на профилот на медиумот на социјалните мрежи бил утврден говор на омраза кон ЛГБТ+ заедницата. Членовите на Комисијата биле поделени во однос на одлуката.

Поради застареноста на Кодексот на новинари и недоволната прецизност на дел од одредбите, експертите сметаат дека двата документи, и Кодексот и Насоките, треба да се разгледуваат пошироко и да се толкуваат поврзано.[52]

51 Членот 10 во Насоките наведува дека медиумите се одговорни за коментарите под текстот објавен на профилот на медиумот на социјалните мрежи.

52 Интервју со Снежана Трпевска, членка на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје.

VI.

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ЗА САМОРЕГУЛАЦИЈАТА ВО ЈАВНИОТ СЕРВИС

Јавниот сервис МРТ е еден од ретките медиуми во Северна Македонија што има Етички кодекс[53] со кој се утврдуваат етичките правила за начинот на известување, како и правилата за професионално и одговорно однесување и работа на новинарите, на креативните кадри и на сите вработени во јавниот сервис.

**Јавниот сервис МРТ е еден од ретките медиуми во Северна Македонија што има Етички кодекс со кој се утврдуваат етичките правила за начинот на известување, како и правилата за професионално и одговорно однесување и работа на новинарите, на креативните кадри и на сите вработени во**

Воспоставувањето на саморегулаторните механизми во јавниот сервис беа резултат на политичките преговори и потребата од медиумски реформи што настапија по подолг период на инструментализација на медиумите од страна на политичките елити до 2017 година. Етичкиот кодекс на почетокот наиде на критики од новинарската заедница поради непрецизната и преобемна содржина на документот.[54] Сепак, тој ги содржи правилата што се во корелација со Меѓународната федерација на новинарите и со Кодексот на новинарите на Македонија.

Документот треба да се надгради и да се приспособи на новите информациско-комуникациски и технолошки трендови, но и да се овозможи негова ефективна примена во практиката. Тоа што и членовите на Етичката комисија го посочуваат како можност за надополнување е во делот на насоките за дигиталното опкружување.[55]

> „Во нашиот Етички кодекс треба да се додадат нелинеарните сервиси, ако веќе сакаме да ја унапредиме нашата веб-страница... (што е) дел од Стратегијата за работењето на МРТ. Тоа значи дека

53 МРТ (2017) „Етички кодекс на МРТ“. Достапно на: https://mrt.com.mk/sites/default/files/%D0%95%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8%20%D0%BA%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D1%81%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%9C%D0%A0%D0%A2.pdf.

54 Спировски, М., Тодоровска-Костовска, В. (2023) „Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во 2022 година“. Скопје: ЗНМ. Достапно на: Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/MK-MK-2022.pdf. Стр. 22.

55 Интервју со претставници од Етичката комисија на МРТ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје.

треба да го надградиме и Кодексот. Можеби треба да дозволиме и коментари, но тоа да биде контролирано, со цел да се спречи објавување говор на омраза, лични напади, јавен линч итн.“, велат претставниците од Етичката комисија во МРТ.

Иако јавниот сервис во последните години работи попрофесионално од претходно, експертите посочуваат дека треба да се зајакнува внатрешниот саморегулаторен систем. Етичката комисија одлучува по претставки од самите вработени и од граѓаните поради неетичко и непрофесионално известување. Од основањето до 2023 година, до Комисијата пристигнале вкупно 8 претставки – две од публиката, а другите шест биле поднесени од претставници на колективот.[56]

**Етичката комисија одлучува по претставки од самите вработени и од граѓаните поради неетичко и непрофесионално известување. Од основањето до 2023 година, до Комисијата пристигнале вкупно 8 претставки – две од публиката, а другите шест биле поднесени од претставници на колективот.**

„Потребна е промоција на механизмот. МТВ емитува спот што ја информира јавноста за можноста да се испратат сугестии и коментари и да поднесат претставка. Дополнително ја објавуваме и имејл-адресата, а имаме и импресум на сите јазици на кои МТВ емитува програма“, објаснуваат претставниците на Етичката комисија при МРТ.

Последната година ова тело работи со пет члена од предвидените седум, а причината што овие места не се пополнети, е недоволна заинтересираност меѓу вработените.[57]

За зајакнување на капацитетите на Етичката комисија при МРТ, потребни се обуки што ќе им помогнат на членовите на ова тело да разменат искуства со колеги од други држави и да најдат ефективни решенија за проблемите со кои се соочуваат.

На јавниот сервис му требаат дополнителни финансиски, професионални и кадровски ресурси да се зајакнат овие компоненти, со цел да овозможи поголема транспарентност во работењето, како и вклученост на граѓаните во креирањето и во евалуацијата на програмската понуда.

## 6.1. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРЕКРШУВАЊЕ НА ЕТИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Првата претставка што ја разгледувала Етичката комисија била поднесена против вработен во јавниот сервис во 2019 година поради неговиот недоличен настап на социјалните мрежи. Комисијата утврдила повреда на три члена од Етичкиот кодекс, што се однесуваат на почитување на угледот и идентитетот на МРТ, на личните професионални вредности и на „нагласување на својата јавна функција во МРТ при вршење приватни работи“. Комисијата утврдила дека вработениот, со својот настап на една социјална мрежа, ја девалвирал репутацијата на самиот медиум и дека го злоупотребил медиумот за лична корист.[58]

56 Интервју со претставници од Етичката комисија на МРТ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје.
57 Ибид.
58 Интервју со претставници на Етичката комисија на МРТ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје.

VII.

# ДОБРИ ПРАКТИКИ ВО САМОРЕГУЛАЦИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Советот за етика во медиумите на Македонија во последните неколку години мошне активно работи на иницијативи за адресирање на говорот на омраза во медиумите и на интернет. Во таа насока, за првпат во земјата беше направен обид да се обединат сите релевантни чинители со надлежности да постапуваат или да го адресираат говорот на омраза преку формирање на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите и на интернет во 2018 година.[59] Таа обединува различни засегнати страни, вклучувајќи претставници на граѓанското општество (Хелсиншкиот комитет за човекови права, Коалицијата „Маргини", Фондацијата „Метаморфозис", Институтот за истражување на општествениот развој – РЕСИС и Центарот за интеркултурен дијалог), професионалната медиумска заедница (ЗНМ, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, Институтот за комуникациски студии, МИМ, Центарот за развој на медиуми), регулаторните тела (Народниот правобранител, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и институциите (Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација, тогашниот Кабинет на министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Академијата за судии и јавни обвинители). Ова претставува значаен чекор во создавањето сеопфатна рамка за сузбивање на говорот на омраза во медиумите и на интернет. Мрежата е опфатена и во Акцискиот план за Стратегијата за едно општество и интеркултурализам.[60] Членките на Мрежата потпишаа Декларација

**Во 2018 година за првпат во земјата беше направен обид да се обединат сите релевантни чинители со надлежности да постапуваат или да го адресираат говорот на омраза преку формирање на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите и на интернет.**

59 СЕММ (2019) „Формирана Мрежа против говор на омраза во медиумите". Скопје: СЕММ. Достапно на: https://semm.mk/soopshtenija/598-formirana-mrezha-za-borba-protiv-govor-na-omraza-vo-mediumite

60 Влада на РСМ (2019) „Акциски план за стратегијата за едно општество и интеркултурализам". Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/akciskiplan_strategija_edno_opshtestvo_24.10.2019.xlsb.

против говорот на омраза на медиумите и на интернет.[61] Целите на Мрежата се афирмираат и преку членството на СЕММ во Мрежата за медиумска писменост.

Иницијатива што наиде на широка поддршка и вклученост на професионалната медиумска заедница е формирањето на Регистарот на професионални онлајн медиуми[62] од страна на СЕММ, Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и Стопанската комора. Целта на Регистарот е да ја информира јавноста, но и други релевантни чинители, за интернет-порталите што во своето работење се водат од етичките и од професионалните стандарди во новинарството. Приклучувањето кон Регистарот подразбира почитување пропишани стандарди во работата на медиумот, а доколку одреден медиум постојано ги крши етичките и професионалните стандарди во известувањето, Управниот одбор на СЕММ може да го отстрани од Регистарот. На овој начин, преку „мека“ регулација се создава суптилен притисок врз новинарите и врз медиумските работници да почитуваат минимум стандарди при работењето во онлајн медиумите, што е најмалку правно регулиран сегмент од медиумската дејност. Регистарот, исто така, промовира транспарентност во финансирањето на медиумите.

**Целта на Регистарот е да ја информира јавноста, но и други релевантни чинители, за интернет-порталите што во своето работење се водат од етичките и од професионалните стандарди во новинарството.**

Во насока на професионализација на работата на медиумите е и донесувањето на Насоките за етичко известување во онлајн медиумите, кои претставуваат дополнување на Кодексот на новинари. СЕММ во последните неколку години имаше и неколку други иницијативи за поддршка на професионалното информирање на медиумите, какви што се Насоките за превенција од корупција и промовирање на етиката во медиумите,[63] Насоките за известување од подрачје со вооружен конфликт[64] и Насоките за инклузивно известување во медиумите за ковид-19.[65]

61 СЕММ „Декларација против говорот на омраза во медиумите и на интернет“. Достапно на: https://semm.mk/attachments/deklaracija.pdf

62 Регистар на професионални онлајн медиуми – Промедиа. Достапно на: www.promedia.mk.

63 Достапно на: https://www.semm.mk/dokumenti/publikacii/1022-nasoki-za-prevencija-od-korupcija-i-promoviranje-na-etikata-vo-mediumite.

64 Достапно на: https://www.semm.mk/dokumenti/publikacii/1023-nasoki-za-izvestuvanje-od-podrachje-so-vooruzhen-konflikt-vojna.

65 Достапно на: https://www.semm.mk/dokumenti/publikacii/839-19-2.

# VIII.
# ЗАКЛУЧОЦИ

Во Северна Македонија е воспоставен функционален саморегулаторен систем, кој во одделни сегменти во практиката покажува недостатоци, особено имајќи ги предвид предизвиците што ги наметнува дигиталното опкружување. До крајот на 2023 година домашното медиумско законодавство треба да се усогласи со ЕУ регулативите за медиуми и за дигитални сервиси, што ќе донесе и можности за корегулација меѓу саморегулаторните и регулаторните механизми. Ова подразбира дека капацитетите на саморегулаторните механизми, и на ниво на професија и на ниво на поединечни медиуми, треба во континуитет да се зајакнуваат.

**Улогата, особено на некои од саморегулаторните тела, не е доволно препознатлива во јавноста, меѓутоа и во самата медиумска заедница.**

Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) игра суштинска улога во промовирањето на етичките и на професионалните стандарди во медиумското информирање. Иницијативите како носењето Насоки за етичко известување на онлајн медиумите, создавањето Регистар на професионални онлајн медиуми и воспоставувањето Мрежа за борба против говорот на омраза го нагласуваат проактивниот пристап на оваа организација кон подобрување на професионализмот во медиумскиот пејзаж.

Меѓутоа, досегашните механизми за овозможување финансиска самоодржливост на најактивното саморегулаторно тело СЕММ се недоволно ефикасни, а финансирањето доминантно зависи од донаторска помош. Засега членовите не плаќаат членарина, иако тоа е една од можностите на која упатуваат експертите. Финансиската состојба влијае и врз кадровските капацитети, функционирањето и врз активноста на СЕММ.

Улогата, особено на некои од саморегулаторните тела, не е доволно препознатлива во јавноста, меѓутоа и во самата медиумска заедница. Иако, саморегулаторните тела меѓу другото организираат и учествуваат во активности поврзани со промоција на етичките и на професионалните начела, сепак тие во практиката не се користат доволно за да претставуваат коректив во работата на медиумите и на новинарите. Ова особено се однесува на Етичката комисија во МРТ, која и покрај промотивните информации што повремено се емитуваат на јавниот сервис, примила мал број претставки од јавноста и од вработените.

За претставниците на саморегулаторните тела недостасуваат и обуки, како и споделување искуства од други држави, што е од суштинско значење за ефикасно справување со професионалните предизвици, особено во онлајн сферата.

Во Северна Македонија кај поединечните медиумски организации недостигаат внатрешни механизми за саморегулација какви што се медиумски омбудсман или интерни кодекси на етичко однесување.

Креирањето на Насоките за етичко известување во онлајн медиумите во 2021 година е значаен чекор кон поттикнување на професионалните стандарди во онлајн сферата. Сепак, постојат предизвици околу успешната примена на овој документ, првенствено поради недоволно прецизните одредби што се однесуваат на коментарите на корисниците, како и на социјалните мрежи. Има повеќе онлајн медиуми што не се дел од Регистарот или, пак, не се придржуваат до Насоките.

Дигиталните трендови и променливата комуникациско-информациска средина отвораат предизвици и за Кодексот на новинарите што е донесен во 2001 година и не може да одговори на актуелните потреби и проблеми со кои се соочуваат саморегулаторните тела и медиумите. Ниту Етичкиот кодекс на МРТ не содржи насоки што ќе бидат применливи во интернет просторот и што ќе овозможат интеракција со публиката. Овој документ дополнително е преобемен и вклучува аспекти што се однесуваат и на новинарската етика и на работната дисциплина, што се посочува како проблем во однос на неговата применливост и функционалност.

Медиумската саморегулација е недоволно промовирана меѓу граѓаните и помладата популација како механизам. Во таа насока, потребни се дополнителни напори од медиумската заедница и од саморегулаторните тела, со цел континуирано да се подигнува свеста кај граѓаните за тоа што се професионални медиумски содржини. Ова е еден од начините за поттикнување на критичкото размислување и за зголемување на отпорноста на погрешни информации и манипулации.[66]

66 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ. Спроведено на: 12.5.2023, Скопје.

# IX.

# ПРЕПОРАКИ

• Професионалните медиумски организации, медиумите, граѓанското општество и стручната јавност треба да иницираат ажурирање на етичката рамка (Етичкиот кодекс и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите), со цел таа да се приспособи и да може да одговори на предизвиците во новото дигитално опкружување.

• Медиумите и професионалните медиумски организации треба да го поддржат процесот на воспоставување механизми со кои ќе се овозможи финансиска самоодржливост на саморегулаторните тела – СЕММ и Советот на честа при ЗНМ. Треба да се разгледа можноста и за финансиска поддршка од државата, како, на пример, преку финансирање од Собранието или, пак, финансирање со доделување мал процент од буџетот од други агенции, според искуствата на други саморегулаторни тела во Европа.

• Саморегулаторните тела во соработка со граѓанскиот сектор, стручната јавност и професионалните медиумски организации треба да ги зајакнуваат своите кадровски и професионални капацитети преку обуки и размена на искуства, но и преку развивање современи дигитално-технолошки алатки што ќе го олеснат нивното работење.

• Јавниот сервис МРТ во соработка со професионалните медиумски организации и стручната јавност треба да иницира измена и дополнување на Етичкиот кодекс за новинарите, за креативните кадри и за сите вработени во МРТ заради прецизирање и ажурирање на содржината, за приспособување кон онлајн опкружувањето и за зајакнување на внатрешниот систем на саморегулација.

• Јавниот сервис МРТ во соработка со професионалните медиумски организации, граѓанското општество и стручната јавност треба да ја поттикнува работата на Етичката комисија при МРТВ преку редовна примена на етичките документи, обуки и споделување добри практики со саморегулаторни тела од други земји. Комисијата треба активно да го промовира механизмот за поднесување поплаки меѓу публиката за да ја зголеми свеста и да поттикне повратен одговор.

• Професионалните медиумски организации и медиумите треба да ги поттикнуваат онлајн медиумите да се приклучат на Регистарот на професионални онлајн медиуми, со цел да се подобри почитувањето на професионалните и на етичките стандарди во онлајн сферата, а на јавноста да ѝ се овозможи да ги препознава професионалните медиуми.

• Регистарот на професионални онлајн медиуми треба постојано да се ажурира и да се преземаат соодветни мерки кога некои членови редовно ги прекршуваат етичките и професионалните стандарди во информирањето.

• Саморегулаторните тела во соработка со медиумските и со граѓанските организации треба да ја промовираат улогата на саморегулацијата и постоењето на саморегулаторните механизми, преку информативни кампањи, обуки, едукација и други настани и активности за кревање на јавната свест меѓу различни сегменти од јавноста.

• Медиумската заедница треба да продолжи да го поттикнува професионалното известување преку развивање дополнителни насоки и надградба на етичката рамка за различни релевантни прашања за да се зголеми довербата и да се поттикне учеството на јавноста.

# БИБЛИОГРАФИЈА

Влада на РСМ (2019) „Акциски план за стратегијата за едно општество и интеркултурализам". Достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/akciskiplan_strategija_edno_opshtestvo_24.10.2019.xlsb.

ЗНМ (2001) Статут на ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Eticko-izvestuvanje.pdf.

ЗНМ (2015) „Анализа на медиумскиот систем во Македонија". Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Analiza-mediumski-sektor-2015.pdf.

Илиевски, Д. (2019) „Реформа или проформа: функционалноста на Етичката комисија во МРТВ". Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/reforma-ili-proforma-funkczionalnost/.

Кодекс на новинарите на Македонија (2001). Достапно на: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/.

МИМ (2021) „Регулаторна и саморегулаторна рамка за справување со говорот на омраза и дезинформациите во Северна Македонија". Скопје: МИМ. Достапно на: file:///C:/Users/Vesna/Downloads/MK_chapter4_regulatorna%20i%20samoregulatorna%20ramka-9-2-22-1.pdf.

МИОА (2013) Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_mkd_1.pdf.

МИОА (2023) „Азир Алиу: Медиумските реформи по принципите на ЕУ законодавството", објавено на 15.3.2023 на веб-страницата на МИОА. Достапно на: https://javnaadministracija.mk/2023/03/15/mioa-azir-aliu-mediumski-reformi-po-printsipite-na-eu-zakonodavstvoto/.

МРТ (2016) „Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси". Скопје: МРТ. Достапно на: http://bitly.ws/IG97.

МРТ (2017) „Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ". Скопје: МРТ. Достапно на: https://bit.ly/3uL62ZC.

Проект „Нашите медиуми – акција на граѓанското општество за поттикнување медиумска писменост и активизам, спротивставување на поларизацијата и промовирање дијалог". Достапно на: https://mim.

org.mk/mk/novosti/1445-nasite-mediumi-akcija-na-graganskoto-opstestvo-za-pottiknuvane-mediumska-pismenost-i-aktivizam-sprotivstavuvane-na-polarizacijata-i-promovirane-dijalog.

Репортери без граници (2023) Индекс на Репортери без граници – 2023. Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia.

Регистар на професионални онлајн медиуми Промедиа. Достапно на: https://promedia.mk/.

СЕММ (2017) „Саморегулација или регулација на интернет-медиумите во Македонија“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://semm.mk/attachments/21-08-2017.pdf.

СЕММ (2020) „Насоки за етичко известување на професионалните онлајн медиуми“. Скопје: СЕММ. Достапно на: http://bitly.ws/IFMm.

СЕММ (2022) Статистички преглед на СЕММ за 2022. Достапно на: https://semm.mk/komisija-za-zhalbi/statistichki-pregledi/1049-2022.

СЕММ (2022) „Споредбена анализа на жалби до Комисијата за жалби на СЕММ за периодот на првата половина на 2021 и 2022 година“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://semm.mk/attachments/article/1035/Analysis%20UNESKO%20MK.pdf.

СЕММ (2022) „Усвоени нови критериуми за членство во ПРОМЕДИА“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://semm.mk/novosti/vesti/vesti-od-semm

СЕММ (2019) „Формирана Мрежа против говор на омраза во медиумите“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://semm.mk/soopshtenija/598-formirana-mrezha-za-borba-protiv-govor-na-omraza-vo-mediumite.

СЕММ (2019) „Декларација против говорот на омраза во медиумите и на интернет“. Достапно на: https://semm.mk/attachments/deklaracija.pdf.

СЕММ (2022) „Насоки за превенција од корупција и промовирање на етиката во медиумите“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://www.semm.mk/dokumenti/publikacii/1022-nasoki-za-prevencija-od-korupcija-i-promoviranje-na-etikata-vo-mediumite.

СЕММ (2022) „Насоките за известување од подрачје со вооружен конфликт“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://www.semm.mk/dokumenti/publikacii/1023-nasoki-za-izvestuvanje-od-podrachje-so-vooruzhen-konflikt-vojna.

СЕММ (2020) „Насоките за инклузивно известување во медиумите за ковид-19“. Скопје: СЕММ. Достапно на: https://www.semm.mk/dokumenti/publikacii/839-19-2.

Спировски, М., Тодоровска-Костовска, В. (2023) „Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во 2022 година“. Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/MK-MK-2022.pdf.

Тунева, М., Кока, Ф. (2016) „Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија“. Скопје: ЗНМ. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Eticko-izvestuvanje.pdf.

Schroeder, R. (2018) „Examining and assessing editorial guidelines/codes of conducts in the public service media of the Western Balkans“, во рамките на проектот „Техничка помош за јавните сервиси на Западен Балкан“, поддржан од Европската Унија. Достапно на: https://europeanjournalists.org/wp-content/uploads/2018/07/PSM-Editorial-Giudelines-Report-EFJ-Renate-Schroeder.pdf.

## СПРОВЕДЕНИ ИНТЕРВЈУА

Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 10.5.2023, Скопје. (лице в лице)

Снежана Трпевска, медиумски експерт и членка на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје. (онлајн)

Двајца претставници на Етичката комисија на МРТ. Спроведено на: 11.5.2023, Скопје. (заедничко интервју, лице в лице)

Драган Секуловски, медиумски експерт, извршен директор на ЗНМ. Спроведено на: 12.5.2023, Скопје. (писмено)

Теофил Блажевски, член на Комисијата за жалби при СЕММ. Спроведено на 12.5.2023, Скопје. (лице в лице)

Сефер Тахири, медиумски експерт. Спроведено на: 15.5.2023. Скопје (лице в лице)

Димитар Мицев, претставник од медиумите. Спроведено на: 17.5.2023, Скопје. (онлајн)

Емилија Петреска-Камењарова, помошник-раководителка на сектор во АВМУ. Спроведено на: 23.0.2023, Скопје. (лице в лице)

## ЗА АВТОРКИТЕ

**Марина Тунева** е д-р по студии на културата и е вонреден професор на Институтот за комуникациски студии. Работи како независен експерт и истражувач во областа на комуникациите и медиумското работење. До април 2022 година беше извршна директорка на Советот за етика во медиумите.

**Весна Никодиноска** магистрирала Глобални комуникации на Американскиот универзитет во Париз. Работи како раководител на програми и истражувач во Македонскиот институт за медиуми во Скопје.

# НЕОПХОДНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕХАНИЗМИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА

## Медиумската саморегулација во Северна Македонија

Оваа публикација е резултат на истражувачките активности што се спроведуваат во рамки на проектот „Нашите медиуми: Акција на граѓанското општество за поттикнување на медиумската писменост, дијалог и активизам“. Тематската рамка на првиот серијал истражувања опфаќа критичка анализа на етичките кодекси и на саморегулацијата во медиумите во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција.

Проектот „Нашите медиуми“ заедно го спроведуваат девет организации кои работат на развој на медиумите на Западен Балкан и во Турција, со финансиска поддршка од Европската Унија. Координатор на овој тригодишен проект е Медиацентар од Сараево. Партнери на проектот се: Албанскиот медиумски институт од Тирана, Советот за етика во медиумите на Косово од Приштина, Црногорскиот медиумски институт од Подгорица, Македонскиот институт за медиуми од Скопје, Новосадската школа за новинарство од Нови Сад, Мировниот институт од Љубљана, Бианет од Истанбул и Мрежата за професионализација на Југоисточна Европа (СЕЕНПМ).

SEENPM
South East European Network
for Professionalization of Media